Читајте нè и на интернет и таму сме бесплатни skopskoeho.mk КЛИКНИ!

МАКЕДОНСКО ЕХО

бр. 8 — 07.10.2021

бесплатен неделник

И ОВА ЛИ Е НУЖНА РЕФОРМА?

Предлогот за скратено работно време на администрацијата покажува колку властите одлепија од реалноста

Кога приоритет ќе им биде подобрување на лекувањето од вирусот?

Во Македонија се случува да стане поим за „способност“ оној кој ќе ограби повеќе

Да можеше ветувањата да станат асфалт до сега ќе го направеа автопатот Велес - Прилеп - Битола



Цените растат, можеше ли тоа да се ублажи со навремени мерки?

Цените на многу производи во Македонија растат постепено. На пазар или во маркет да влезиш тоа ќе го видиш. Освен дел од храната растат и цените на енергенсите, на становите, на услугите... На удар ќе биде животниот стандард на граѓаните кои живеат од плата.

Од македонски компании веќе предупредуваат дека некои цени би можеле да се зголемат дури и за 50 проценти. А дека работата станува се посериозна е и најавата дека од

почетокот на следната година ќе поскапи и струјата. Ќе направи ли владата конкретен чекор односно мерки со кој ќе се пресретнат наредните покачувања?

Објаснувањето на надлежните е дека поскапувањата се резултат на зголемените цени на светските пазари, чиј дел сме и ние во време на пандемијата со корона вирусот. Но, како и да е, на поскапувањата мора да се одговори со соодветни мерки. Премиерот Зоран Заев во вторникот соопшти дека ја „следат состојбата" и дека ќе се интервенира доколку е потребно од државните резерви.

- Не е точно дека во државава ќе се зголеми цената на храната за 50 отсто, затоа што струјата учествува просечно со 3 отсто во крајната цена на производот и не е главен индикатор. Исто така, инфлацијата во државата се контролира на 2,7 проценти, изјави Заев.

Но, треба ли да се чека ценовен шок па да се интервенира? Очигледно е дека цените одат нагоре и дека граѓаните се потешко составуваат крај со крајот. Значи, потребни се веќе сега мерки кои ќе ги запрат поскапувањата за да тие не станат силни и нескротливи.

Владата во овој период се реши да чека иако уште во претходните

месеци можеа да се преземат мерки за откуп на прехрамбени суровини со што ќе се интервенира на пазарот и ќе се амортизираат поскапувањата.

Нови откупни центри во наредниве години...

Во јуни годинава беше најавено дека од Светската банка ќе се обезбедат 50 милиони евра за модернизација на земјоделството и за изградба на откупни центри. Проектот кој треба да создаде систем за дистрибуција на земјоделски производи и храна треба да се реализира во наредниве четири години. Но, прашањето е зошто на ова се чекаше толку години кога одамна се знаеше дека Македонија има ограничени и технички застарени откупни капацитети. Затоа и земјоделието е во криза, а цените растат поради увоз.

Ги проверуваат ли забрзано каблите во другите болници низ Македонија?

Конечно дадоа извештај зошто се запали болницата во Тетово. Краток спој во приклучниот кабел на дефибрилатор со кој се вршела реанимација на пациент во една од болничките соби, а потоа и палење во приклучната кутија од продолжителниот кабел била причината за катастрофалниот пожар во која живи изгореа 14 луѓе. Огнот, потоа, брзо се проширил поради високи концентрации на кислород...

Што натаму ќе покаже истагата, останува да се види. Меѓутоа, и овие сознанија сигирно се доволен повод за конкретна активност. Ги проверуваат ли забрзано каблите во другите болници низ државата? Добро е познато колку и какви продолжни кабли се користат по македонските болнички установи. И тоа најчесто од оние најевтини кои се набавуваат по локалните пазари, а кои се многу ризични и лесно запаливи. Се потврди и дека модуларните болници немаат прегради кои би го запреле ширењето на пожарот. Тоа сега се поправа на другите места? Значи, доволно елементи да се изврши темелна проверка на сигурноста во болниците која што треба да се направи под итно.

HALKBANK
>ВАЖНИ СЕ ЛУЃЕТО

ГОЛЕМАТА СМРТНОСТ БАРА ГОЛЕМ ЗДРАВСТВЕН АНГАЖМАН, АМА...

Кога приоритет ќе им биде подобрување на лекувањето од вирусот?

Нема доволна медицинска нега, но нема ни кадар ниту обука за вакви третмани. Надлежните ништо не преземаат, нив ги интересира само политика, ни вели Павлинка Богданова

Високата смртност од корона вирус не запира. Црната бројка полна со човечки и семејни трагедии во понеделник стаса до 6.719 лица, што Македонија ја става во самиот светски врв. Зошто е така? Поминаа многу месеци од почетокот на пандемијата, зошто надлежните здравствени институции не најдоа начин силниот удар од вирусот да се намали, ослаби?

ПАВЛИНКА БОГДАНОВА: Кај нас од секогаш медицинската нега била недоволна

Надлежните сето ова време даваа објаснувања дека главните причини за тоа се други заболувања кои ги имале заразените пациенти – дијабетес, кардио-васкуларни проблеми и слично. Се наведуваше и тоа дека многу од пациенти доцна се јавувале во болниците кога веќе не можело многу да им се помогне. Но, зарем во другите држави луѓето немаат други болести? Во странство ако сите се јавувале на време во болниците, зошто ние тоа не го постигнавме, каде е проблемот? Сепак, се почесто почнаа на виделина да излегуваат примери за лоши врски меѓу некои матични доктори и пациенти, дека нема јасни протоколи за лекување на болните, дека непотребно се даваат многу дози на силни антибиотици... Значи и начинот на лекување е проблем, но за него надлежните не зборуваат често како за вакцините.

А на начинот на лекување деновиве укажа и д-р Кејти Смолвуд од Светската здравствена организација која во интервју за ТВ 24 рече дека причините треба да се бараат и во системот на здравството.

- Работата која СЗО ја врши со колегите од Македонија за да се подобри квалитетот на нега во одделенијата за интензивна нега и во болниците, да се осигура дека кислородната поддршка се дава навремено и луѓе кои не мора да се стават на механичка вентилација, да не бидат ставени на механичка вентилација, рече таа.

ХРИСУЛА ПЕНЕЛОПУ: Не се ни побара да дојде некој стручен од странство да помогне со обуката

Ова се прашања на кои укажуваа и бројни македонски граѓани сведочејќи за искуствата кои ги имале при лекувањето во болниците. Во коментарите по социјални мрежи се наведуваше дека немало доволно персонал, дека фалеле лекови, дека несоодветно се делувало... Ова и сега го потенцираат граѓаните со кои контактиравме.



ФРОСИНА АРСОВСКА: Јасно и сигурно е дека нема доволен медицински кадар

- Кај нас отсекогаш медицинската нега била недоволна. Всушност, по болниците не е направено нешто суштинско од времето на Тито. Кога би се разболела не би заминала во државна болница. Нема доволна медицинска нега, но нема ни кадар ниту обука за вакви третмани. Надлежните ништо не преземаат, нив ги интересира само политика, ни вели Павлинка Богданова.

Многу граѓани укажуваа дека во некои болници има случаи каде една медицински сестра опслужуваат 20-30 па и повеќе пациенти, што е премногу.

- Сигурна сум дека медицинскиот персонал немаше соодветна обука. Не се ни побара да дојде некој стручен од странство да помогне со обуката. Сите пациенти се лекуваат по ист шаблон, па кому му се посреќи. Ништо не се презема за подобрување на условите, за внесување нови лекови, помагала и нов кадар, потенцира граѓанката Хрисула Пенелопу.

Надлежните до сега објаснуваа дека во болниците се дава максимална и соодветна грижа. Но, пожарот во тетовската болница откри дека родините им помагале на пациентите бидејќи немало доволно персонал. А наскоро може да ни се случи новиот бран на ширењето на вирусот, пак ли само ќе повторуваат дека треба да се прими вакцина? Подобреното лекување кога ќе им биде приоритет?



Тешко е една сестра да се грижи за 20 пациенти

Граѓанката Фросина Арсовска укажува дека нема доволно персонал по болниците.

- Штом кажуваат дека една медицинска сестра е на 20 пациенти тогаш е јасно и сигурно дека нема доволен кадар. Колку и да сака таа сестра да помогне, не може на сите. А за опремата знаеме сите дека е страшна состојбата. И онака да отидеш на лекар апаратите не работат, наведува таа.

И ОВА ЛИ Е НУЖНА РЕФОРМА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА?

Самиот предлог за скратено работно време пок

Ова е катастрофален и крајно несериозен предлог администрацијата во петок да работи само по четири часа. Па, истата таа администрација е неефикасна и со услуга на најниско ниво. И пренатрупана е со партиски кадри, револтирано вели Кире Нацевски од Св. Николе

Шалтер пред кој мора да се наведнете, зад кој нема никој; забрзано лице кое се движи низ ходник и глуми „зафатеност"; чекање да се врати одговорниот службеник; зборовите „дојди утре"... се прва претстава на македонскиот граѓанин за тукашната државна администрацијата. Односно, претставата е дека таа е многубројна, неефикасна во својата работа и дека тоа мора да се смени. Политичарите го знаат тоа и цело време најавуваат реформи, но реформите не ги гледаме. Наместо промени се случува само нови вработувања по партиско-роднински врски.

И дрскоста на властите тука не сопира, најновата се гледа од предлогот да се намали неделното работно време – од 40 на 36 часа, па државните административци во петок би работеле само четири часа. Такво било изборното ветување на владејачаката партија ДУИ. Како реагирал СДСМ не е познато но еве се доби законскиот предлог кој ги шокира македонските граѓани кои не работат во државните јасли.

- Ова е катастрофален и крајно несериозен предлог администрацијата во петок да работи само по четири часа. Па, истата таа администрација е и неефикасна и со услуга на најниско ниво. И пренатрупана е со партиски кадри во зависност од владеачка гарнитура, револтирано вели граѓанинот Кире Нацевски.

КИРЕ НАЦЕВСКИ: Администрацијата е неефикасна и со услуга на најниско ниво, а пренатрупана со партиски кадри

БАРАЊА ДА СЕ ПРЕПОЛОВИ БРОЈКАТА

Слично мислат и најголемиот дел од граѓаните со кои деновиве контактираше „Македонско ехо". Основно е тоа што граѓаните сметаат дека администрацијата не треба да се наградува со тоа што ќе работу уште помалку туку треба да се бараат начини како таа да биде оптимална, ефикасна и департизирана.

- Самиот предлог да им се намали работното време на административците покажува колку властите одлепија од реалноста и не ги знаат потребите во Македонија. Си тераат своја агенда за своите луѓе, а се врз грбот на работникот во приватниот сектор, децидна е скопјанката Лилјана.

Политичките партии од избори од избори, ветуваа дека ќе ја намалат државната администрација, но тоа никогаш не се случи. Напротив, се случуваше постојано зголемување на вработените во јавниот сектор. Во 2020 година, според податоците на Министерство за информатичко општество 131.183 лица беа државно вработени.

- Администрацијата е превработена и од активисти на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ... Лично јас, а и сите со кои сме зборуваме не сме ни малку задоволни од нивните услуги. Чест на исклучоците. Имав жив пример, кога се пријаву-

ИГОР ЃОРЃИЕВСКИ: Да се вработат по приватни фирми за да почуствуваат како ни е нас кои работиме и во сабота

Конфузии околу бројките на административци

Во јавноста кружат крајно контрадикторни бројки околу тоа колку, всушност, има вработени во јавниот сектор во државата. Во изминатава година премиерот Заев повеќе пати укажуваше дека е намален број на административци од 165.000 колку што изнесувал во 2017 година на околу 132.000. Неодамна, поранешниот шеф на државата Бранко Црвенковски, пак, предупреди дека бројката на државни административци стасала до 197.530 лица од претходните 173.469!

Од друга страна, различни се податоци кои што ги дава државното Министерство за информатичко општество. Во годишните извештаи за бројот на вработените во државен јавен сектор е наведено дека во 2016 година имало 129.653 вработени лица, во 2017 – 128.722, во 2018 – 132.068, во 2019 – 132.900 а во 2020 година – 131.183 лица...

ажува колку властите одлепија од реалноста

вав за еден потпис во Бирото во Велес, госпоѓа-вработена ја имам чекано 2 часа. Администрацијата треба да се преполови а тие вишокот да се вработат по приватни фирми за да почуствуваат како ни е нас кои работиме и во сабота, смета Игор Ѓорѓиевски од Велес.

И граѓанката Слободанка Камчева е незадоволна од она што го добива од администрацијата која што граѓаните ја плаќаат со свои пари.

- Веќе десет години ми стои необработен предмет за откуп на земјиште под станбена зграда во општина Карпош. Две години е одобрена надомест на штета од СИЗ за домување, но и тоа е нереализирано. Функционална ли е администрацијата!? Врз основа на која анализа е даден овој предлог? Потребна ни е стручна, функционална и воспитана администрација, потенцира Камчева.

ПАРТИСКИ КОНТИГЕНТИ ЗА ГЛАСАЊЕ

Во изминативе години властите најавуваа реформи, намалување, реорганизации... Пред две години тогашниот мин-

ЈОРДАНЧО ЦВЕТАНОСКИ: Има револт кај граѓаните кои работат и по 12 часа, а земаат двојно помала плата од администрацијата

истер Дамјан Манчевски навести дека Владата ќе помага префрлање на државни административци во приватен сектор. Владата би плаќала придонеси за нив а приватните газди плати. Меѓутоа, овој проект згасна пред и да започне. Во јануари годинава премиерот Зоран Заев најави дека администрацијата ќе се намалува и ќе станува се поуслужна кон граѓаните. Претходно, во октомври 2020 година најави дека „администрацијата ќе се намали за 20 проценти". Но...

- Предлогот за администрацијата да работи по четири часа не е воопшто прифатлив за мене. Има револт кај граѓаните кои работат и по 12 часа, а земаат двојно помала плата од администрацијата. Партизацијата треба да се запре во сите сектори. Само делумно сум задоволен од работата на администрацијата, ни рече Јорданчо Цветаноски.

СЛОБОДАНКА КАМЧЕВА: Врз основа на која анализа е даден предлогот? Потребна ни е стручна, функционална и воспитана администрација

Очигледно, на власта не и се брза со намалувањето на администрацијата сигурно и поради изборите кои во земјава се случуваат на секои две-три години. Во државните јавни служби лани работеа вкупно 131.183 лица, а што е речиси 16 проценти од 793.000 вработени во Македонија. Заедно со членовите на семејствата на државните административци, бројката на овој гласачкиот „контингент" изнесува околу 200.000 - 300.000 гласачи, а што е важно за изборна победа или пораз. Освен ова, партиите на власт со вработувањата во државните служби каде платите се движат од 21.000 денари па нагоре секогаш ги наградуваат своите активисти.

- Па таа администрација и онака ништо не работи, па сега уште и да им се скрати работното време? Ако тие не сакаат има други што сакаат да работат па нека го напуштат работното место. Ќе ги замениме ние, тоа се партиски војници и сега пред избори со народни пари се пазарат. Ние обичните граѓани сме за да се намали администрација

бидејќи и вака и така не работат ништо. Тоа е и мислење и на ЕУ, не е само наше, укажува Кристијан Величковски.

Граѓаните, очигледно, го кажаа ставот околу предлогот. Останува сега Владата да реши што ќе прави. Заев рече дека же почека да види каква ќе биде реакцијата на граѓаните.

КРИСТИЈАН ВЕЛИЧКОВСКИ: Ако тие не сакаат има други што сакаат да работат па нека го напуштат работното место

АГРО НОВА Систем интегратор
АГРОНОВА ДОО – СКЛАДИШТА МАЏАРИ
ЈАВНИ И ЦАРИНСКИ СКЛАДИШТА И ШПЕДИЦИЈА
Ул. Благоја Стефковски бб Маџари, 1000 Скопје Македонија
Тел: +389 2 2535 510 Моб: +389 71 382 062
e-mail: info@agronova.com.mk

СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ

ИВАН ЈОРДАНОВ
за ШТИП

7

ВМРО-ДПМНЕ
И КОАЛИЦИЈА ЗА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА

Платена политичка реклама. Нарачател: ВМРО-ДПМНЕ

„МАКЕДОНСКО ЕХО“ ПРАШУВА: КОИ ТРИ РАБОТИ ПРВО БИ ГИ НАПРАВИЛЕ АКО ВИЕ СТЕ ФУНКЦИОНЕР?

ДЕНИ ДРВОШАНОВ

Да сум премиер ќе ги средувам институциите каде не се знае кој што работи

Ќе работам на почеток на повеќе државни проекти за да се здобиеме со работи кои сега ги нема во Македонија

За Дени Дрвошанов од Струмица кој е по професија бербер најважна задача би било средувањето на судството.

1. Средување на корумпираното судство

Судството ни е корумпирано и во подобрувањето на состојбите во државата треба да се тргне од него. Со проверките треба да се опфати целиот правосуден систем. Односно, сакам судството да биде целосно чисто и независно. Само на таков начин можеме да дојдеме до состојба во која судиите ќе бидат слободни да му судат секому а не да стравуваат за својата иднина откако се избрани од некој „тефтер”. Само на таков начин ќе дојдеме до правдата и вербата во судството од страна на граѓаните.

2. Средување на институциите

На нашите државни институции дефинитивно им треба средување. Ги има премногу, со премногу вработени за кои не се знае што и кој работи и како е вработен таму. Тоа треба да се намали на минимум. Ние сме мала земја и не треба да имаме преголема администрација. Значи, целта би ми била да ја намалам администрацијата но и бројот на вработените.

3. Државни проекти

Ќе работам на почеток на повеќе државни проекти за да се здобиеме со работи кои сега ги нема во државата. Пред се, тоа се проекти во областа на инфраструктурата, како што се патиштата, акумулации, производство на електрична енергија, железнички модернизации и слично. Односно, максимално ќе ги искористувам средствата предвидени за капитални инвестиции во државниот буџет, а што сега не е случај.



РОЗА ТРАЈЧЕВСКА

Да сум градоначалник на Петровец ќе направам канализација

Би забранила и чување на крави и на свињи во населбата поради лошата миризба и би направила еден убав парк со клупи, фонтана и со клацкалки за деца

Сметководител по професија, Роза Трајчевска во улога на градоначалник на општина Петровец би ја подобрила комуналната инфраструктура.

1. Без септички јами

Во мојата општина Петровец има толку многу да се прави и да се поправа. Да сум градоначалник, прво и основно, ќе направам канализација каква што треба да ја имаат граѓаните во 21 века, а не се уште да се користат септичките јами. Освен ова, би извршила и асфалтирање на сите улици каде што е неопходно граѓаните да не одат по кал и по прашина. Би забранила и чување на крави и на свињи во населбата поради лошата миризба и би направила еден убав парк со клупи, фонтана и со клацкалки за деца.

2. Тротоари за пешаци

Втора задача би ми била да се направат тротоари и патеки за пешаци бидејќи се мошне неопходни. Сега сме принудени да одиме низ трева и покрај улица која е многу прометна. Сето тоа е опасно, создава ризик од сообраќајни несреќи. Со изградба на пешачка патека и тротоари, опасностите би се намалиле.

3. Затворање на патарината

Трета цел би ми била да се затвори патарината кај Петровец. Таа направи таков хаос. Сите жители на Петровец, а и од цела јужна Македонија ја избегнуваат и одат по нашиот локален пат за да не плаќаат. Поради тоа патот е лош, со дупки, пропаѓа и е опасен за возење.

Платена политичка реклама. Нарачател: ВМРО-ДПМНЕ

ГРАЃАНИТЕ ДО ФУНКЦИОНЕРИТЕ

Среде бел ден на Водно сијалиците светат, а тоа скопјани ќе го платат. Иван

Вакви се скопските улици кога врне. Жално. Ацо

Брзаат да ја направат наплатната рампа кај Св. Николе. Зошто вака не брзаат да направат нови патишта во Македонија? Викторија

следете не на Facebook Skopsko Eho



Контејнерот на булеварот „Кочо Рацин“ во Скопје очигледно им е непотребен на некои несовесни граѓани. Силвана

Фонтаната Лотос во Градскиот парк никако да се дотера во ред. Одвај ја офарбаа сега никој не ја чисти од мовот... Миле

Почитувани читатели,
Преку рубриката **„ФОТО ДОКАЗ“** можете да испратите пораки до македонските централни и локални власти за се она што мислите дека треба да го поправат, доправат, направат, исчистат... или пак да ги пофалите за нешто добро сработено. Сите ваши фотографии и краток коментар може да ни ги испратите на **e-mail: skopskoeho@yahoo.com**

Во зависност од просторот и соодветноста на пораките Редакцијата на **„МАКЕДОНСКО ЕХО“** поголемиот дел од нив ќе ги објави во весникот.

ДО СОПСТВЕНИ КВАДРАТИ СО НАЈНИСКИ КАМАТИ

опција 1

2,9%

фиксна камата за
првите пет години

опција 2

3,0%

фиксна камата за
првите десет години

3,9%

променлива за остатокот
од периодот на отплата

Период на отплата
до **30**
години

Станбен кредит со најниски камати на пазарот

комерцијална банка ад скопје

www.kb.com.mk
контакт центар: (02) 3 296 800

БЛАГОЈ ЧОРЕВСКИ

Во Македонија се случува да стане поим за „способност“ оној кој ќе ограби повеќе

Неприфатливо е во државата ништо да не значи рудар кој ископал тони руда, а да значи некој политичар зад кој на бината стојат десетина луѓе, потенцира Чоревски

За популарниот драмски уметник Благоја Чоревски односот кон вредностите е основа околу која се вртат сите промени внатре во Македонија и околу неа.

● Кога ќе кажете Македонија, кои мисли и слики прво Ви се појавуваат?

- Македонија е живот, чист воздух, чиста мисла, вода, чесност, љубов... Но, за жал, сега повеќе се оди на тага, нечесност, кон непочитување на вредностите. Се сеќавам, како дете, ми беше чест кога ќе сретнам некој постар и да му кажам „Добар ден”, кога се гордеевме кога ќе направиме нешто добро. А сега, трендот е обратен, ни се случува отуѓување на луѓето, дури и во самите семејства. Потребно е да размислиме како натаму. Овој лош тренд може да се запре само со чесност со чиста мисла, разбирање, љубов. Неприфатливо е во државата ништо да не значи рудар кој ископал тони руда, а да значи некој политичар зад кој на бината стојат десетина луѓе.

● Кои се најкрупните 2-3 грешки кои се направија во Македонија во последните 30 години?

- Постои една и тоа најголема грешка, не најдовме начин да ги вреднуваме и да ги задржиме најспособните кадри, без оглед на нивната возраст. Тоа е основна грешка. Со непочитување на сопствените вредности не можете да очекувате дека некој друг ќе ве почитува Вас. Потребно е да се вреднува секоја индивидуална вредност, таа да се поттикнува на најразлични начини од страна на државата. Нам таа грешка, со непочитувањето на инидивидуалните вредности, постојано ни се повторува, од 1945 година па до денеска. И сега ја имаме ситуација со која се гордееме со наши успешни луѓе во странство. Вреднувањето на човекот, без оглед на тоа дали се работи за една шивачка во фабриката или врвен хирург, е основа за се. А нам ни се случува да оној кој ќе ограби повеќе да стане поим за „способност”.

● Граѓаните даваат и плаќаат даноци, но дали властите доволно и даваат на државата?

- Како граѓанин и давам на државата за работите во сите сфери да бидат подобри. А што ни се случува? Кризата со корона вирусот ни покажа во каква состојба ни е здравствениот систем. За здравство од наши плати издвојуваме сите, а дојдовме во ситуација да немаме каде да се лекуваме, да немаме бесплатно здравство. Луѓето беа приморани да плаќаат по илјадници евра по приватни болници за да преживеат. Вакцините не се набавија на време, министерот водеше преговори со приватните болници за цените, но ништо од тоа. Тоа е едно безобразие, тоа покажува колку ни е трула целокупната организација на државата.

● Дали Вие доволно и дадовте на Македонија?

- Дадов и се уште и давам. И ќе давам се додека дишам, додека можам да се движам во она што го правев во изминативе децении во театарската уметност. Давав со настапите во земјава, но и во странство, каде секогаш ја афирмирав Македонија, градот Скопје и сите други.

● Што Ви недостасува, а што би одзеле од државата?

- Многу работи недостасуваат. Ако вие за 70 години не се потрудите да направите нова зграда на Драмски театар тогаш значи дека државата не дава. Се направи МНТ, се направија театрите во Велес и во Битола, но не и Драмски. А потребен е нов објект и за него. Не може да глумите на сцена дух, а децата кои ве гледаат да забележуваат како се движите и излегувате од сцената во ова време на висока технологија. Државата, едноставно, не ви дава да и одземете тоа што не чини. Кога ги предупредувате, тие велат „Не може, и ова е добро”. Какви промени се направија со „Скопје 2014”? Се направија со стирипор кој сега го гледаме како се распаѓа. Зошто е светска вредност маската од Требениште? Оти е направена од врвни мајстори. Се што е лажно нема никаква вредност.

● Со што најмногу се гордеете во нашата земја?

- Се гордеам со сите оние наши креативни луѓе кои што ги поместуваат границите со своето творештво. Огромна е нивната бројка во сите сфери – од актери, сликари, доктори, архитекти... нема бранша во која немаме исклучителни автори. Тука се еден Блаже Конески, Гане Тодоровски, Анте Поповски, Петре Прличко, Ташко Георгиевски... Се гордеам со своето семејство, се гордеам со секој непознат човек кој ќе направи нешто повеќе од другите, кој ќе ги помести границите што мислиме дека постојат.

За мене е само Македонија, без додавката Северна

● Во каква Македонија сакате да живеете?

- Сакам да живеам во таква Македонија која е на повисок степен на почитување на човечките вредности. За мене е таа само Македонија, без додавката Северна. Ја сакам оваа земја, но со таа љубов не се бусам во гради. Таа љубов и желба ме одржува, прави да опстојувам подолго време. Сега не можам физички да совладувам многу пречки, не можам да скокам како некогаш по 3-4 скали, но можам да давам духовно таму каде што тоа најдобро го знам.

ВЕСНИКОТ ГО ИМА И ВО ВАШЕТО МААЛО...

Земете примерок на „Македонско Ехо“ на преку 300 локации низ Македонија

Почитувани,
весникот „МАКЕДОНСКО ЕХО“ бесплатно ќе ве чека во четврток во сите населени места низ Македонија.
Еден дел од тиражот ќе се дели на плоштади и други прометни места, а ќе се остава и во поштенски сандачиња.
Сите заинтересирани читатели кои нема на таков начин да го добијат бесплатниот неделник, ќе можат да дојдат до него на преку 300 локации низ државата.

Испечатено во 60.000 тираж

ВЕСНИКОТ ПОБАРАЈТЕ ГО НА СЛЕДНИТЕ ЛОКАЦИИ:

TINEX
SUPER KIT-GO
МАРКЕТ ЗУР
TAMARO
МИН-ЕКС
SPORT LIFE Живеј спортски!
Специјал 1989
Гранап

И НА ДРУГИ 200 ЛОКАЦИИ НИЗ МАКЕДОНИЈА

витаминка
ГОЛЕМОТО СЕМЕЈСТВО НА БРИЛИЈАНТ
Брилијант
Брилијант Омега
Брилијант
МАСЛИНОВО ПОМАС МАСЛО
МАСЛИНОВО ПОМАС МАСЛО
VIRGIN
EXTRA VIRGIN
Брилијант
Твојот прв избор!

Што е важна тема во кампањите?

Изборната кампања тече, ама градот треба своите проблеми и понатаму да си ги влече. За кој град се работи во Македонија? Скоро за секој. Во кампањите неретко отсуствуваат темите кои ги мачат граѓаните. Еве пример – Скопје. Македонскиот главен град си расте континуирано. Де малку во ширина, де малку повеќе во висина со многукатни згради. Расте и бројот на жители. Дали тоа е издржливо за постојната градска инфраструктура? Што ќе се преземе за градот да не се самозагушува?

На оваа тема во кампањата нема ништо од кандидатите за градски татко. Се ветуваат нови сообраќајници, нови автобуси, бесплатен превоз... Но, никој не ја споменува темата: дека Скопје е пренаселен град, и дали во градот треба да продолжи ваквото интензивно градење, во која зона да се продолжи со градбите и конечно дали ќе се бара начин да се намали приливот на нови жители.

Зарем старо-новите кандидати за градоначалници прашањето за доселувањето и за тоа во кој правец да се развива градот ќе го остават да се движи според досегашното искуство – без правила? Така и во другите градови – важни теми се ставаат настрана.

МАКЕДОНСКО ЕХО
ул. Димо Хаџи Димов бр. 38, Скопје
тел: 078/418-692

Редакција:
главен и одговорен уредник:
Антонио Спасев
skopskoeho@yahoo.com

Издавач:
ЕХО МЕДИА ГРУПА
ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје
жиро сметка: 290-1000000918-08

Директор:
Владимир Пандовски

Маркетинг:
marketing@emg.mk
тел.078/444-021

Тираж: 60.000 примероци
Испечатено на: 7.10.2021 г.
Печати: „Европа 92“ Кочани
ул. Крижевска бр.22

ЗДРУЖЕНИЕ „МАКЕДОНСКИ СПАСИТЕЛ“

Спасуваме животи на непливачи и обучуваме млади да научат да пливаат

Околу 80 лица ги поминаа интерните курсеви за спасување на отворени води, ни вели Ангел Пановски, претседател на Здружението

Во занесот на играта едно 17 годишно момче кое не знаеше да плива скокнало во длабокиот дел од градскиот базен во Велес. Потоа, воопшто не излезе на површината. За среќа, тоа го забележал еден од дежурните спасители и веднаш заедно со другите спасувачи успеале брзо да го извлечат од водата и веднаш пристапиле кон реанимацијата. По извесно време, заедно со една докторка која тука била присутна успеале да го повратат во живот. Ова е само една од интервенциите кои во изминативе години ги имале активистите од Здружението „Македонски спасител” кое делува во Велес. Основано е во 2010 година со првична идеја за здружување на тогашните спасители на вода и заедничко делување при професионалниот ангажман од страна на концесионерите на градскиот базен во Велес со цел да ги штитат своите права.

- Во тоа време никој не се грижеше за нас активните спасители и бевме препуштени на самите себеси во однос на специјализирана спасителна опрема, дополнителни обуки, лична работна униформа и слично. Но, оттогаш до сега многу работи се променети благодарение на нашиот ангажман а, исто така, многу животи се спасени благодарение на нашите интервенции, ни вели Ангел Пановски, претседател на Здружението.

Зад единаесетгодишната работа стојат многу обучени спасители, но и многу научени млади лица да пливаат. Како разултат на својата желба да бидат што пообучени на трипати успеале да донесат инструктори и активни спасители од САД кои им држеа курсеви според истата програма по која полагаат и тамошните кандидати.

АНГЕЛ ПАНОВСКИ: Во општество како нашето спасувачките друштва треба да бидат професионални - во рамките на Дирекција за заштита и спасување

- Сега и ние работиме по тие стандарди, а обуки ни држеа и нашите добри пријатели од Опреатион Флориан од Манчестер, Англија кои во исто време ни донираа огромна количина на опрема за спасување на вода. Така, околу 80 лица ги поминаа такви интерни курсеви за спасување на отворени води, наведува Пановски.

Инаку, Градскиот базен во Велес како и двете плажи на езерото Младост се локации каде тие најмногу делуваат. Многу пати организирале и еколошки акции за чистење на крајбрежјето и коритото на реката Вардар од ситен и габаритен отпад на потегот од Нов мост, Мал мост до Стар мост.

- Македонски спасител од 2012 секое лето на првите две плажи обезбедува волонтерска спасителна служба за викенди и национални празници, вели Пановски.

Интегрирање во државни служби

Пановски укажува дека спасителните служби мора да постојат.

- Но, додека во западните земји тие се волонтерски или во рамките на државни институции, во општество како нашето тие треба да бидат професионални - во рамките на Дирекција за заштита и спасување како национални или општински, како дел од просторните сили за заштита и спасување. Вака, со (не)вреднувања на спасителите се се сведува на ентузијазам кој полека си го носиме (селиме) во западните држави, потенцира тој.

Платена политичка реклама. Нарачател: СДСМ

Децентрализирајте ги партиите за изборите да бидат навистина локални



Габриела АРСОВА

За време на овие локални избори Собранието повторно е на пауза, за да можат политичките партии и кандидатите комплетно да се посветат на изборната кампања?! Па зарем се парламентарни избори, а не локални. И некој што многу не разбира во политика, со право ќе се праша: каква врска има Паламентот со изборот на општинска власт? Баш и не е јасно, но можеби тука лежи и главната поента.

Партиите, локалните избори ги водат ЦЕНТРАЛИЗИРАНО од партиските центри. Локалните интереси и теми паѓаат во сенка на меѓупартиските препукувања кои се главна тема на изборите. Главната порака од партиските центри до гласачите редовно е дека овие избори не се обични локални избори и дека од нив зависи по кој пат ќе тргне државата или дека токму од овие избори зависи кој ке победи на идните парламентарни избори?!

Упс! Чекај сега, ова се ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ или предПАРЛАМЕНТАРНИ? Каде треба да е насочен фокусот на гласачот - кон личен избор од понуденото, да го избере најдобриот и најдоброто за регионот или едноставно изборите се борба мегу власта и опозицијата – позиционирање за следните парламентарни избори?

Е драги мои, тој број на освоени места, тие бројки за централно ниво, се всушност личности, карактери, интелекти, оние кои потоа управуваат со регионите на локално ниво. Тоа се истите оние партијци кои до последен момент ги држите во неизвесност дали ќе бидат кандидати или не? Истите оние кои место да се фокусираат на предкампања, на квалитетна програма, треперат што ќе се случи?! Каков е тој пристап на партиските центри – вие предложете неколкумина, ние ќе ви избереме?!

А кога сме веќе кај понудените кандидати - што мислите: локалните немаат ли доволно капацитет да одлучат кој е правиот, па да се консолидираат силите и да се тргне во кампања подготвено и смирено? Не ми е целта да мудрувам, но убаво ги знаете последиците од ваквиот пристап – на партиско ниво: внатрепартиските несогласувања, контраудари за време на кампања, па за време на кампања се занимаваат со внатрепартиско помирување за да не се изгубат сигурните партиски гласови, откажување кандидатури од сериозни личности кои сакате да ги ставите на кантар на вишепартиско премерување со други... и на крајот кој губи? Народот! Губи ЛОКАЛНОТО!

Е затоа не не бива. И си тонеме се подлабоко и подлабоко. Ова во фудбалоте се вика автогол!!! За локални избори станува збор... локални потреби, локални проблеми, различни интереси на пооделни региони.

И затоа порачувам до партиите: Охрабрете се! ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАЈТЕ ГИ ПАРТИИТЕ за конечно да видиме вистински локални избори и да видиме благодет од сопствениот избор на локална власт. Имате доволно време до следните избори, кога веќе на овие го пропуштивте тоа. Така полесно ќе ја согледате потребата од децентрализација во државата?!? Дозволете локално да се бираат кандидатите, дозволете им време да направат програми, дозволете да размислат како би ја бранеле програмата ако бидат прашани, дозволете да не биде проформа напишаното, дозволете власта, позиција, опозиција и соодветните препукувања да бидат забранети теми.

Но и порака до локалните партијци: И вие треба да се изборите за местото на регионите во централите на вашите партии. НАПРАВЕТЕ ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ДА БИДАТ ЛОКАЛНИ!

ИН БОКС

Напред авангардо, во саморазградувањето!

САМОРАЗГРАДУВАЊЕ. Од 1 декември ќе биле повлечени/забранети старите, нееколошки пластични кеси. Наместо нив ќе се употребувале саморазградливи кеси. На оваа тема, животно „важна" за секој македонски граѓанин, попладнево беше посветена цела контактна емисија на една наша национална телевизија. Не сум технолог, не сум ни хемичар за да го разберам процесот на саморазградување на кесите. Меѓутоа, убеден – всушност, повеќе од убеден сум! – дека проектираната цел ќе биде остварена. Ако им успеа цел еден народ и држава да разградат, како не ќе успеале во оваа „витална" намера, што ќе биде доказ повеќе за успешноста на постоечката власт. Само напред, авангардо, во саморазградувањето! Наедно, голем поздрав до контактната емисија, посветена на оваа „животно" важна тема - воведување на нов вид кеси.

Љубомир Цуцуловски, 5 октомври, Фејсбук

ДОСТАВА НИЗ МАКЕДОНИЈА
TPL
Тотал Пост Логистик
078 / 266 002
078 / 207 878
078 / 396 262
Брза пошта

Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО"

Со општата кампања ги кријат конкретните локални проблеми

Никола ТАСЕВ

Помина уште едно „врело лето". Скопјани пак се бањаа во пот наместо во нови ветени базени. И минатите лета беше исто. Кандидатите, кои станаа градоначалници пред четири години, во кампањата, кога се ловеа гласовите на скопјани, ветија многу. Но, граѓаните на Скопје по четири години, се чувствуваат „избањати" и од локалните и од централните власти од многуте нереализирани ветувања. А не беа ветувани само базени, цели книги полнеа во планови и проекти, ама...

Сега, на половина сме од новата кампања за локални избори, а се уште не видовме никаков извештај: што направиле, колку пари потрошиле за тоа, зошто некои проекти што беа ветени не се направени. А најголем дел од сегашните градоначалници, повторно се кандидираа за да продолжат со раководењето на локалната самоуправа. Барем во кампањава можеа да кажат збордва како отчет за досегашното.

И што би рекол премиерот Заев - ОДОЗГОРА НА ТОГА - повторно ветуваат многу! На отчетноста заборавија, но ветувањата како папагали ги повторуваат. Истите од пред четири години. Што ли си мислат? Дека гласачите имаат кратко паметење? Но, да оставиме граѓаните сами да оценат дали ќе ги казнат или ќе им опростат, мене сега зборот ми е околу новите ветувања.

Пак слушаме расфрлање на зборови и цифри: толку милиони евра за ова, толку за тоа, онолку милиони за она. До толку многу ја воопштија кампањата, што не ги видоа конкретните проблеми во градовите што сакаат да ги раководат. Или пак ги гледаат, ама не им одговара уста за нив да отворат.

Очекував на пример, Шилегов да застане пред Луна парк и да каже: „ова го ветив, но не успеав да го направам. Сега ветувам дека за две години децата овде ќе може да си играат и тоа ќе го чини Градот толку и толку пари." Точка! Конретен проблем – понудено решение, рок за завршување и сума. Исто може да го направи и со тунелот под Кале, но и со десетици нови проекти што сега ги ветува. Ќе повторам: конретен проблем – решение, рок за завршување и сума на чинење!

Очекував и дека кандидатите од власта здружено ќе се сликаат пред некоја гасоводна цевка и ќе објаснат зошто не е реализирано главното заедничко ветување на сите нив од пред четири години: Гасификација – веднаш! Да се извинат што ете испадна дека е лажно ветување и да кажат со конкретни рокови кога во домовите во Битола, Прилеп, Штип, Тетово... навистина ќе протече гасот. И колку ќе чини тоа. А оние од Битола и Штип можеа да се сликаат и пред ветените Клинички центри, прилепскиот кандидат пак можеше пред обиколницата или пред ветениот затворениот пазар.

А во помалите општини пак, проблемите се можеби помали, но за тамошните граѓани се огромни. И наместо, како што личи на локална кампања, кандидатите и лидерот да им објаснат конкретни решенија за здравствени домови, училишта и градинки, за улици, за чиста вода, најчесто им нафрлаат отприлика вака: ветуваме дека во овој мандат ќе изградиме две училишта, три градинки, 300 км патна мрежа и за тоа ќе потрошиме 20 милиона евра. Многу убаво за слушање, но и премногу општо. А бре кандидату, а бре лидеру покажете слика, локација, проект, рок на завршување и цена на чинење. Ама вака ви е полесно – ќе добиете аплауз и овации од вашите што дошле на партискиот собир и сврти ја темата кон НАТО, ЕУ, па дека помагате во локалната самоуправа... и терај во другата општина. Пак истото - општо и што е можно поукрасено, помпезно... а откако ќе ги добиеш гласовите...

Затоа пак, за десетина дена граѓаните пред гласачките кутии ќе можат, што би рекол Заев – со пенкало да добијат правда...

ИН БОКС

За пасивните набљудувачи

Од приватен пост на ФБ пријателка - се мешаат чувството на бескрајна тага, очај и гнев

Вчера, на денот кога се навршуваат 18 години од смртта на Анте Поповски, во водите на Охридското Езеро во Струга, пловеше откинатата глава од бистата на поетот. Некој дошол, ја откорнал главата од постаментот и ја фрлил в езеро! На Славко Јаневски му ја свртеле одопаку, со тилот да гледа. Веројатно, потешка била за кршење.

Вандали имало и ќе има, ама пасивниве посматрачи се за посматрање, нереагирањето на надлежните. Ми се грози од овој народ незаинтересиран и заспан и со секој одминат ден државава ја чувствувам сè потуѓа и понемоја. А Бога ми, и луѓето во неа.

Билјана Ванковска. 2 октомври, Фејсбук



Советници со машала плати

Фин blackout на дел од социјалните мрежи,

а зоче оттаму го информираат, ама за кој што пишал, кој е небањат и слични хехенца.

Или?

За големи скандали, зоче сè нешто не знаел, дознавал од медиуми или првпат слушал.

Ај, тоа советниците нека работат нешто за тие машала плати, нека го брифираат во пауза меѓу кафе и тролање по социјални мрежи.

Сите обични смртници се поинформирани од еден премиер од Нашата Земја. Или?

Дарија Андовска, 5 октомври, Фејсбук

Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО"

Дали веќе го играме најтешкото (оро)?

Локалните избори поминуваат без возбуда, според познато клише, со многу предлози, преповторени и со општи места и сосем малку сериозно и компетентно подготвени проекти кои може да се реализираат за еден мандат затоа што државните тела се непомирливо партиски поделени, не сакаат да се слушнат ниту да се разберат. Власта (во спотовите) се презентира со „светли" тонови, а опозицијата со глумечки наместени сиви тонови. Тие, исто така, не мислат за доброто на градот и жителите на градот. Ветуваат пловен Вардар (а нека отидат да погледнат во каква состојба е) а некому му текнало да вклучи култура и уметници во својата агенда. Да ветуваш подобар живот и светлина која не знаеме од каде ќе дојде е провидна лага. Од трета страна новокомпонираните „зелени" треба да реагираат на умесна критика: дупките на улиците на Тетово се покриени со есенски цветови! Се покажа дека ги интересира само власт и пари на дневно ниво, без визија и познавање на градот, како и да го поминат мандатот што е можно поудобно.

Да се очистат институциите од корупција и потклупливост нема да вроди со резултат! Омразата што постои не влече надолу, особено недовербата кон власта и меѓу луѓето. Партизацијата ја разјадува секоја идеја да се направи нешто добро, што звучи можеби нихилистички и песимистички. Животот е трагедија за сиромашните, вели мудрецот. Решиле да ги дислоцираат „монументите", но кој, како и што ќе биде отстрането? Некој беше загрижен што ги палат и новите контејнери, меѓутоа, и да бидат излиени во бронза ќе најдат начин да ги уништат. Практика е да се крадат скулптури заради цената на бронзата, а вандализмот врз бистите и споменициите (низ целата земја) се однесува на вредни модернистички остварувања на тема НОВ и Илинден. Денововe биле отчепени и фрлени во Дрим бистите на Анте Поповски и Славко Јаневски, во Струга – градот на поезијата! Од мрачното „дијазепам" време еволуиравме во ново „антидепресивно "време.

Ги броиме мртвите од корона вирусот но ги има и заради лекарска негрижа, од стресните неправди и присутното насилство како наше секојдневие. Некој упорно носи партиски или свои егоистични розе наочари?! Дали веќе го играме најтешкото (оро)? Тоа е сугерирано и во анимираниот филм „(Нај)тешкото" на

Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ

Афродита Ф. Марковиќ. Скулптури на Петар Хаџи Бошков се изложени на археолошкиот локалитет Стоби во рамки на проектот (модерно) насловен „Откривање на иднината: Археологија и модерноста". Гете запишал: Уметноста е, друга природа. Се укажува на суштинска релација меѓу модерната и антиката, меѓутоа, тоа треба да се објасни, да се види и препознае проблемот на поврзување на овие архитектонски и скулпторски остварувања, мошне различни по функција и симболично значење. Стоби е само по себе „жив град" а може да биде амбиент во кој се презентираат современи културни и уметнички содржини.

СКИНАТИ ЗЕЛЕНИ

ФАТМИР БИТИЌИ, вицепремиер: Владата е посветена на реализација на реформите во енергетскиот сектор. Први донесовме закон за енергетика кој е во целост усогласен со регулативите и директивите на ЕУ и со Енергетската заедница.

Еххх, да зависеше се само од донесување на закони, а не и од спроведување, до сега Македонија ќе беше понапредна од Шведска

МИЛА ЦАРОВСКА, министер за образование: Упатувам апел до вас студентите да бидете внимателни на предавањата, слушајте ги и почитувајте ги професорите и трудете се да ги надминете своите лични, но и нивните очекувања.

Убав апел. Но пред неколку месеци голем дел од универзитетските професори имаа апел до неа да не брза со реформите, ама таа...

НИКОЛА ДИМИТРОВ, вицепремиер за европски прашања: Ако Балканот е исклучен од обединета Европа, тоа е лошо за самата Европа и безбедносно и политички и вредносно, сите ќе бидеме далеку подобри ако нашите политики се усогласени

Како тоа да биде исклучен Балканот? Па нели баш Димитров ни велеше само уште името да го смениме и готово?

ПЕТРЕ ШИЛЕГОВ, градоначалник на Скопје: Преку апликација на својот мобилен телефон, скопјани ќе може да гласаат за предлози, да дефинираат приоритети и со тоа самите да ги креираат политиките на градот

Останува да се види дали во иднина апликации и ќе чистат губре, ќе крпат улици... или тоа сепак некој мора да го сработи

Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО"

СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ

МАРКО КОЛЕВ
за ВЕЛЕС

7

ВМРО-ДПМНЕ
И КОАЛИЦИЈА ЗА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА

Платена политичка реклама. Нарачател: ВМРО-ДПМНЕ

НОН-СТОП УВЕРУВААТ ДЕКА ЌЕ ГО ГРАДАТ, АМА...

Камиониите во Прилеп го чекаат автопатот

Да можеше ветувањата да станат асфалт до сега ќе го направеа автопатот Велес-Прилеп-Битола

Речиси и да нема повисок функционер кој не кажал дека приоритет е градењето на автопатот кој централниот дел од Македонија ќе го поврзе со Прилеп и Битола. Сите знаат дека е неопходен, сите се силат додека работат ТВ камерите, сите...

Во Македонија веројатно нема патна делница која подолго е спомнувана како проритет кој мора да се изгради од релацијата меѓу Велес – Прилеп и Битола. Цели петнаесет години тој проект се споменува дека е неопходен, дека ќе ги забрза патувањата од источниот и централниот дел од земјата кон Битола и Прилеп, се спомуваа и пресметки и планови, ама... И понатаму автомобилите, камионите, автобусите... од Велес кон Битола одат по стариот пат со две ленти, со опасни свиоци кај Фариш, со искачување на Плетвар, со... За жал освен честите празни ветувања дека ова ќе се смени слушаме и за многуте сообраќајни несреќи на оваа стара и недоволно безбедна делница. Зошто е така? Зошто овој важен пат е заборавен?

А во меѓувреме, иако и таму со незадоволително темпо и огромни доцнења, сепак се градат делниците во источниот дел од земјата, како и автопатот од Кичево кон Охрид. Тука во централнот дел од земјава – излегување на градежници на терен ниту на повидок. Битолчани и прилепчани и натаму се осудени долго и несоодветно на 21-от век да патуваат кон Велес и Скопје. Да не зборуваме пак каква е железница на оваа релација.

МЛАДЕН АЛТИПАРМАКОВСКИ: Автопатот Градско -Прилеп-Битола и до граничниот премин Меѓитлија е од витално значење за овој регион

Населението кое живее во овие реони каде треба да помине новиот пат често укажува дека е неопходно овој автопат да биде направен, но полека стануваат и се поголеми песимисти дека тоа во наредниве години и ќе се случи.

- Автопатот Градско-Прилеп-Битола и до граничниот премин Меѓитлија е од витално значење за овој регион. Делницата Битола - Прилеп е во лоша состојба, крајно амортизирана и треба да возиш со максимум 80 км/ч. На Плетвар е истата ситуација, коловозот е уништен од камионите кои носеа руда за Фени од Драч и на кои никој не им ја контролираше носивоста. Делницата Велес-Скопје во еден дел се вози на една лента затоа што патот е во градба, укажува битолчанецот Младен Алтипармаковски.

Надлежните од владите кои се менуваа во изминативе петнаесет години овој автопат постојано го споменуваа во своите изборни програми. Актуелнава власт само реди нови ветувања и најави. Премиерот Зоран Заев кон крајот на минатата година во Прилеп изјави дека почнуваат работите на идејното решение за автопатското решение кое ориентационо би чинело околу 600 милиони евра. Во април годинава актуелниот министер за транспорт и врски Благој Бочварски дури најави дека „годинава очекува да почне да се гради автопатот, а за што бил потпишан и соодветен меморандум". Најави дека со тоа ќе се оди во Собрание на одобрување, но...

- Со актуелна власт овој автопат никогаш нема да биде изграден, а тој е навистина потребен, вели Пецо Маркоски од Прилеп.

Дали нешто ќе се смени во наредниов период останува да се види. Но, дотогаш пред се битолчани и прилепчани се оставени да се снаоѓаат по старите патишта кои треба да им се чинат дека се нови.

ПЕЦО МАРКОСКИ: Со актуелната власт овој автопат никогаш нема да биде изграден, а тој е навистина потребен

Требаше ли да се градат тунели?

Битолчанецот Младен Алтипармаковски смета дека подобра опција беше да се градат тунели отколку патните превои на планините во земјава.

-Патната структура во Македонија можеше да се реши со 5 тунели - 1.Плетвар 2. Ѓавато (Битола-Ресен) 3. Буково (Ресен-Охрид) 4. Стража и 5. Валандово-Струмица. Но, нерешителноста и спротиставените идеи влечат корен уште од Југославија кога имаше неколку решенија кои се влечат и сега. Едното решение беше тунел под Плетвар, второто решение беше трасата преку Богомила и третото решение преку Плетвар. Секако дека требаше да се реши уште пред најмалку 20 години, паралелно со изградба на брзи железници, потенцира тој.

БЛАГОЈА МАРКОСКИ

Со големо внимание при обработката на пописните материјали да се намалат политичките влијанија

Со Благоја Маркоски, универзитетски професор и претседател на Советот за статистика зборуваме за неодамна завршениот попис на населението и дилемите кои тој ги отвори во јавноста.

● Вие сте на чело на Советот за статистика кое е стручно советодавно тело за државната статистика, основано од македонскиот парламент. Дали Советот од блиску го набљудуваше пописот?

- Советот за статистика во рамки на своите ингеренции речиси во целост е запознат со активностите поврзани со реализацијата на Пописот. Ценејќи ја важноста на пописот за целокупниот општествен развој на државата, Советот за статистика низ целиот период на подготовки и реализација на пописот има позитивен став кон оваа важна статистичка операција. Во продолжение очекуваме релевантни резултати.

● Во јавноста, пред почетокот на пописот, имаше многу забелешки околу методологијата според која ќе се прави пописот: спорно беше давањето на податоци од страна на други лица од домаќинствата, околу тоа како ќе се утврдува дали некое лице престојува во странство до или повеќе од 12 месеци, граѓани реагираа на тоа зошто не можат да се попишуваат како „Македонци". Дали ова, за Вас беше спорно?

- Сите дилеми кои ги посочувате како Совет за статистика сме ги поставувале и расправале по истите, но само во граници на нашите надлежности, бидејќи ние, како советодавно тело немаме надлежност да го коментираме или менуваме Законот за попис. За претходните пописи, во Законот за попис беше вградена и Методологијата за попис, а за овој Попис 2021 г. Методологијата е издвоена како посебен документ (објавена во Службен весник на државата), но истата се придржува на одредбите на веќе донесениот Закон за попис 2021 година. Претпоставувам дека од таму доаѓаат забелешките за спорните аспекти. Искрено се надевам дека, ако имало некои прополитички одредби во законот, дека тие во духот на добивање на реални и релевантни податоци ќе бидат соодветно регулирани при обработката на пописните материјали.

● По крајот на пописот се соопшти дека се попишани вкупно 1.832.696 лица, за разлика од минатиот попис кога имаше 2.022.547 лица, а дека во дијаспората се самопопишале 204.805 македонски државјани. Но, се укажува на нелогичности. „Левица" тврди дека останаа непопишани 300.000 граѓани кои имаат државјанства бидејќи бројот на издадени државјанства е околу 2.5 милиони. Има ли, според Вас нелогичности во соопштените бројки?

- Соопштената бројка 1.832.696 лица е број кој е утврден од страна на попишувачите. Таа е само прелиминарна бројка, која низ текот на обработката на пописот (поради разни веројатности на теренот) ќе биде корегирана, можеби во плус, можеби во минус. Нелогичностите кои се потенцираат од некои кругови и секако од голем број обични граѓани (се мисли на граѓани без општествени функции) претпоставувам дека произлегуваат од аспект на некои одредби во законот за попис. Од нив меѓу редови се чита дека, наместо граѓанскиот аспект со економски предзнак се потенцираат некои од неекономските демографски структури (националност, религија, етнос). Тие категории се важни во културолошка смисла, но не и во економска смисла, бидејќи секој човек има примарни потреби во контекст на обезбедување на услови за живеење. Што би се рекло „најважни се трпе и голе" (трпе е исхраната, а голе е облеката).

● Очекувате ли дека пописните резултати ќе бидат прифатени од стана на политичките партии кои пред почетокот на пописот поставуваа услови во смисла дека нема да ги признаат резултатите ако „бидат помалку од 20 проценти", ако „бидат помалку од 7 проценти"?

- Моментот на недостаток на кооперативност при носењето на Законот за попис 2021 година можно е да рефлектира и поинакви гледишта спрема пописните резултати. Тука секако се причина и политичко политикантските изјави на политичари кои однапред прејудицираат некакви проценти (како што напоменувате). Затоа, се појавуваат сомневањата дека попишаните во странство ќе биле вметнати како резидентно население, па така ќе се игра со процентите и наместо статистичкиот предзнак ќе се дава и политички предзнак на операцијата попис. Затоа е важно да се посвети големо внимание при обработката на пописните материјали, за колку толку да се намалат политичките влијанија (мотивирани поради разни идни политички соработки) наспроти потребата од реални пописни податоци.

Државјани од странство не треба да влегуваат во резидентно население

- Пописот и државјанствата се посебни категории. Со одредбата попис на лица до една година во странство (дефинирана во методологијата), автоматски се покажува дека не секој државјанин на Република Македонија може да влезе во резидентно население. Ние имаме наши државјани кои се некаде во странство повеќе години и децении, тие имаат државјанство, но не треба да влегуваат во резидентно население.

СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ

ЉУПЧО ПАПАЗОВ
за КОЧАНИ

7

ВМРО-ДПМНЕ
И КОАЛИЦИЈА ЗА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА

Платена политичка реклама. Нарачател: ВМРО-ДПМНЕ

Платена политичка реклама. Нарачател: ВМРО-ДПМНЕ

Платена политичка реклама. Нарачател: ВМРО-ДПМНЕ

МАРИО ВАНЧОСКИ

Големата посветеност кон природните науки ме носи на прв настап на светска Олимпијада

Талентот е основен, но помал процент од успехот припаѓа на него. Остатокот за успех е голема желба, амбиција, многу вложен труд, вели 15 - годишниот Марио

Во декември годинава го чека големо искушение: за првпат ќе настапи на светската Јуниорска олимпијада по природни науки што треба да се одржи во Абу Даби. Успеа да ги помине селекционите натпревари и стана дел од шестчлениот државен тим кој ќе се натпреварува со најдобрите од многу земји во физиката, биологијата и хемијата. Тоа е ново искушение за 15-годишниот Марио Ванчоски, ученик во прва година во средното училиште „Славчо Стојмнески" во Штип, откако во изминативе години како основец имаше бројни натпревари и бројни освоени награди.

- За Јуниорската Олимпијада во Абу Даби ќе не подготвуваат професори од Природно-математичкиот факултет во Скопје и секако со сопствен труд. Се надевам дека ќе постигнам солиден резултат – цел што си ја поставувам на сите натпревари. Ова за мене ќе биде прв натпревар од ваков карактер и затоа ми е голем предизвик, ни вели Марио.

Тој наведува дека интересот за природните науки му се појавил уште во 3-то одделение кога почнале да ги изучуваат природните предмети. Дома правел експерименти според учебникот, го интересирале природните појави, животинскиот свет и човековото тело.

- За прв пат отидов на натпревар по природни науки во 5-то одделение и на Државниот натпревар освоив 2-ра награда. Ова за мене беше прв поголем успех што ме поттикна да се пријавувам секоја наредна година на натпревари и реално секогаш постигнував големи успеси, раскажува тој додавајќи дека хоби му е правење на сложувалки со повеќе од 1000 делови и местење на Рубикови коцки, а што најмногу го релаксира кога не учи.

Ја сака и математиката, бидејќи според него, таа е една од најкреативните науки што е дел од сите други науки и што го движи светот. Покрај неа ги сака и странските јазици.

- Талентот е основен, но многу помал процент од успехот припаѓа на него. Остатокот за успех е голема желба, амбиција, многу вложен труд и секако поддршката од најблиските која е неминовна. Упорната работа е пресудна бидејќи знаењето го стекнуваме со се ново што ќе се прочита, види или доживее, а со тоа се надградува личноста, потенцира овој талент.

Неговата цел сега е и во средното училиште да биде успешен како и во основното.

- А потоа, би сакал да се видам како студент на некој од престижните факултети ширум светот. Но, стекнатото знаење да го донесам овде и да продолжам да придонесувам за подобар живот во нашата држава, искрено ни кажува Марио.

Ризница од 42 освоени дипломи

Зад бројните настапи на Марио на најразлични натпревари се и бројни признанија што ги освоил.

- Од сите досегашни натпревари имам освоено 42 дипломи за прво, второ и трето место од општински, регионални и државни натпревари и 4 пофалници како и многу сертификати и признанија. Од сите тие за мене најголем успех е бронзениот медал на Јуниорската Македонска Математичка Олимпијада во 9-то одделение. Покрај сите овие мои успеси бев избран за Првенец на генерација во ООУ "Димитар Влахов" во Штип, ни рече тој.

СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
7 октомври 20.00 ч.

Кец на десетка
16 октомври 20.00 ч.
Премиера: Работи за кои не зборуваме

ДРАМСКИ ТЕАТАР
7 октомври 19.30 ч.
9 октомври 20.00 ч.
Мојот маж
14 октомври 20.00 ч/
Диши
16 октомври 20.00 ч.
Кармен

МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР
8 октомври од 18.00 до 19.00
Отворени работилници за деца од 3 до 5 години

МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА
7 октомври 20.00 ч.
Отворање на концертна сезона: Данте 700
Диригент: Габриел Бебешелеа (Романија)
Солист: Симон Трпчески
ЦЕНТАР „БОРИС ТРАЈКОВСКИ"
9 – 10 октомври од 10.00 -20.00 ч.
Авто Плус Стрит Шоу - уникатен саем под отворено небо за нови автомобили, мотоцикли, лесни комерцијални возила и придружна индустрија

ПРИЛЕП

МОФ „Војдан Чернодрински" – Во Центарот „Марко Цепенков"
7 октомври 18.00 ч.

НУ Театар за деца и младинци – Скопје: **Едвард раце ножици**
21.00 ч.
НУЦК „Ј.Х.К. Џинот" - Театар Велес: **ХЕРОИ 04:33**
8 октомври 20.00 ч.
Драмски за Конески - Гостување на Драмски театар од Скопје

КАВАДАРЦИ

10 октомври 06:30 ч.

Михајлово: Втора планинарска тура Дудица - Кожуф за 11 Октомври

КУМАНОВО

10 октомври 7.30 ч.
Преслап: Акција за пошумување на опожарените површини на Козјак

КРИВА ПАЛАНКА

Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски"
7 октомври 19.30 ч.
НУЦК „КРИВА ПАЛАНКА", Кино сала: **Партија реми** - Гостување на Драмски театар Скопје

Платена политичка реклама. Нарачател: ВМРО-ДПМНЕ

БОБАН ИЛИЈЕВСКИ

Гостивар треба да биде повеќе застапен на националните телевизии

Граѓаните треба да избегнуваат програми коишто чувствуваат дека им пречат, смета Илијевски

За Бобан Илиевски, новинар од Гостивар, многу е важно телевизиите дел од своите програмски шеми да го посветат на зачувувањето на природната средина.

● Што им препорачувате на граѓаните да гледаат на телевизиските програми и зошто?

- Јас сум човек којшто најмногу гледа забавни емисии на телевизиските програми, со оглед на тоа дека најголемиот дел од програмите се исполнети со политика. Оттаму на граѓаните секако би им препорачал да гледаат забавни програми кога сакаат да се одморат од секојдневниот живот. Овие програми можат да овозможат едноставно да се релаксираме од секојдневните обврски и да не оттргнат одредено време од реалниот свет. Потребно е повеќе да се гледаат и емисии коишто се наменети за животната средина. Живееме во време кога климатските промени засилено ги покажуваат своите ефекти кои се штетни за човештвото, па поради тоа потребно е информирање за подигање на свеста на луѓето околу оваа проблематика.

● Што сметате дека граѓаните би требало да го избегнуваат и да го сменат каналот?

- Треба да избегнуваат програми коишто чувствуваат дека им пречат. Не би сакал да навлегувам подетално во ова, со оглед на тоа дека секој човек си има свој вкус и знае што сака да гледа или да не гледа. Сепак, што е до мене јас избегнувам депресивни содржини поради тоа што сметам дека треба повеќе да се насочувам кон програми коишто имаат попозитивни содржини.

● Дали вашиот град Гостивар, во кој живеете е доволно застапен како тема на македонските телевизии?

- Видете, Гостивар и Тетово имаат своја локална македонска телевизија којашто има своја емисија чија содржина е забавно – информативен карактер и во истата се прават интервјуа со граѓани на Гостивар на одредени теми. Морам да напоменам дека има и албански телевизии на локално ниво коишто исто така обработуваат теми поврзани со градот. Доколку зборуваме за националните телевизии, моето мислење е дека градот не е толку застапен. Таму – ваму се прават некои емисии кои според мене лично, не се доволни. Гостивар е град кој има богата историја и традиција и исто така голем број на археолошки наоѓалишта, па поради тоа би можел да биде интересна тема во повеќе жанрови на емисии. Потребно е градот да биде повеќе застапен и на национално ниво, но засега такви иницијативи се уште нема.

Би направил емисија за климатските промени

● Што би направиле како емисија за да биде задоволителна и вредна за гледачите?

- Дефинитивно би направил емисија околу животната средина, климатските промени и глобалното затоплување. Како што и наведов во првото прашање, во голем дел ни се потребни содржини односно емисии за животната средина коишто би имале интересни концепти. На пример би направи детска емисија каде преку сликовит начин би им се објаснило на децата што значи животната средина за нас луѓето, како да ја заштитиме или пак да ги намалиме штетните појави. Многу е полесно да се започне со укажувањето кон одредени нешта на дете, отколку на возрасен.

ТЕЛЕ – СКОП

Со нивниот рај, направија пекол на телевизија

Овие денови не ми се има случено да вклучам македонски канал на телевизија, а веднага да не ми се пополни екранот со партиска реклама. Де бре партиии, олабавете малку. Знам ја дека вие многу ги сакате своите градови и дека многу ќе работите, тоа одамна го имав увидено.

Уредничиња телевизиски бре, вие пак намалите малку у вести пак за истите работи да гледам. Те овој кажал дека ќе го направи Скопје рај на земјата, те оној кажал дека Скопје благодарение на него е веќе рај на земја... Зашто нема на екранот обични луѓе како мене па да ви кажат дека кога излегуваат од дома по улиците само пекол гледаат. Ѓубре, начичкани згради една во друга, сечат дрвја наместо да садат... тоа ли е рајот? Тоа ли е телевизиско објективно предизборие?

Затоа и сакам да ги замолам и партиите и македонските телевизии – може ли да намалат малку со пропагандата? Доста ни е од нивниот рај, со него ни направија пекол и на телевизорот.

И патеките ли ќе ги претворат во гробни места на Градските гробишта?

Неодамна бев на Градските гробишта Бутел за да го посетам почивалиштето на моите блиски. Веднаш сакам да го искажам револт од она што го видов таму. Мислам дека ни во последно село нема таков неред и неодржување. Видов испокршени стари споменици паднати во околината на гробни места и на уличките, паднати исушени гранки од дрвја кои никој не ги собира, купишта отпадоци, испукан асфалт и дупки на улиците правени пред многу децении и никогаш до сега обновени. Јавните чешми се направени без одвод и сета вода тече по уличките по кои се создаваат кратери полни со кал и вода. Суви и неисечени гранки висат над гробовите и никој не ги сече ниту собира.

На секој чекор постои опасност посетителот да падне, да се повреди сериозно.

И она што сега го забележав како нов ѵтрендэ на гробиштата: каде што имала макар и малку поширока патека таа сега се полни со гробни места. Патеката станува потесна, минувачите да потешко се разминуваат а управат си найлаќа пари од нови и скапи гробни места!

Зошто е тоа така, зошто се прави ова? Многупати во јавноста се зборува за урбаната мафија која по скопските населби гради висококатни згради тесно припиени едни до други. Зарем има некоја разлика меѓу тоа градење и всадувањето на нови гробни места на досегашните пешачки патеки по парцелите со гробиштата. Јас нема друг збор освен ова да го наречам како доказ за постоење и на урбаната мафија со гробови. Која цена како граѓани ја плаќаме лесно може да се заклучи. Надлежните треба да ни објаснат зошто прават вака!? И што ќе биде следниот чекор? Дали, на крајот, во гробни места ќе ги претворат сите пешачки места и ќе ни остават само некое тесно патче? Ова појава треба да запре. Кога одиме да ги посетиме гробовите на саканите сакаме да се чувствуваме достоинствено. Вака тоа не е случај. Гледаме само нечија трка по профит со гробните места.

Силвана К.

Почитувани читатели, рубриката „Писма“ е наменета за ваши реакции и мислења по разни теми што ве засегаат. Обраќањата може да ги испраќате на нашите адреси: **ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје;** и на **skopskoeho@yahoo.com** Дописите ќе се објавуваат во изданијата на весникот во зависност од просторот.



СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ

7

ВМРО-ДПМНЕ
И КОАЛИЦИЈА ЗА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА

Платена политичка реклама. Нарачател: ВМРО-ДПМНЕ

	ИМЕТО НА ЕКС ФИНСКИОТ СКИ - КОКАЧ НИКЕНЕН	НАРЕЧЈЕ, ДИЈАЛЕКТ (МН.)	ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА КАНДИ-ДАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ РАБОТА И СЛ.	КРАТ ЗА "РИБОНУК-ЛЕИНСКИ АЦИД"	КИСЛОРОД	КАМЕРМАН НА ФИЛМСКА ИЛИ ТЕЛЕВИЗИ-СКА КАМЕРА	МУСЛИМАН. ВЕРСКИ И ДУХОВЕН ГЛАВАТАР ВО АРАП-СКИТЕ ДРЖАВИ	ГРУБ ЧОВЕК, ГРУБИЈАН, ТОРЛАК, ПРОСТАК (РАЗГ.) (.П А Р .К)	ТРКАЛЕЗНА ПЛОЧКА ОД ГУМА СО КОЈА СЕ ИГРА ХОКЕЈ НА МРАЗ
АПАРАТ ЗА НАБЉУДУВ. НА СИТНИ ОРГАНИЗМИ КОИ НЕ СЕ ГЛЕДААТ СО ГОЛО ОКО									
ИМЕТО НА ФРАН-ЦУСКИОТ ХРОНИЧАР АДО (799-874)					ВИД ШТАВЕНА КОЖА ПИСАТЕЛ, КНИЖЕВ-НИК (ЛАТ.)				
ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ФИНСКА АТЛЕТИ-ЧАРКА, ВО ФРЛАЊЕ КОПЈЕ									
ОРИГИНАЛ. КРАТ. ЗА "МЕЃУНА-РОДНИОТ. ОЛИМПИС-КИ КОМИТЕТ"				ЦИН ВО МИ-ТОЛОГИЈА. НА СЕВЕР. НАРОДИ МАЈКА НА МАЖОТ					*** ПРОДОЛ-ЖЕНИЕ (ВИДИ ФОТОС)
ЏАМИЈА ВО СКОПЈЕ, ИЗГРАДЕНА 1492 ГОД., МЕЃУ КУРШУМЛИ-АН, ЦРКВАТА "СВЕТИ СПАС" И КАЛЕТО (ФОТОС) *** АМЕРИКАНСКА ПЕЈАЧКА									
ИМЕТО НА НАШАТА ПЕЈАЧКА ОД ПОСТА-РАТА ГЕНЕ-РАЦИЈА БЕЛОВСКА							АЛКОХОЛНА СОСТОЈБА НА ИНДИС-КИ. КОНОП НАРКОТИК АРЕН		
АМПЕР		ГРАД ВО СЛОВАЧКА ВИЗАНТИС. ДРЖАВНИК, КОНСТАН-ТИН,11 ВЕК						АМЕРИКАН-СКА АРТИСТКА, СИБИЛ ПРАВЕЦ ВО МУЗИКАТА	
ДАРКО ПАНЧЕВ			АПАРАТ ЗА МЕРЕЊЕ НА КОЛИЧЕСТ. НА ТОПЛИНА ТРАГА ОД КУРШУМ						
ПОГЛЕД НАНАЗАД, РЕТРО-СПЕКТИВА, ОСВРНУ-ВАЊЕ						ЕКС ИТ. ФУДБАЛЕР, ЕМИЛИЈА-НО "ПАРМА" (. . . АЦОЛ . КЛОД АНЕ			
ОРГАН ВО ВИД НА НИШКА, НЕРВУС					РУДАРСКИ ГРАД ВО Б. И Х. СУЛФУР				
ШПА. ПОЕТ И САТИРИ-ЧАР, БАЛТАСАР ДЕЛ (1530-1606) (.Л К . . . .)								*** ПРОДОЛ-ЖЕНИЕ (ВИДИ ФОТОС)	

	"СКОПСКО ЕХО"	НАЈВИСОК ДЕЛ ОД ПЛАНИНА-ТА, ВИС, ВРВ	ДЕЛ ОД ГРЧКИ ХРАМ, АДИТОН (МН.)	ЧИН ВО ТУРСКАТА ВОЈСКА, ПОЛКОВ-НИК (АРХ.)	ИМЕТО НА СРПСКИОТ АРТИСТ ОД ЦРНА ГОРА МИЛОШЕ-ВИК
НОЖ СО ДВЕ СЕЧИЛА КОШАРКА-РОТ БЈЕЛИЦА					
		ПРЕФИКС ЗА ПРАВЊЕ СУПЕР-ЛАТИВ МЕТАР			

СУДОКУ

			7	6			1	2
3						7	8	
		7			1	4	3	
1		4		9				
	5	8		4			6	
	6			3		5		9
	7	1	6			2		
	8	3						4
5	2			1	4			

ХУМОР

Трпе и вика на Трпана:
– Трпано си се здебелила малце…
– Тоа ми е од антидепресантите.
– Што користиш??
– Милка 300 грама…

* * *

Трпана и Трпе лежат во кревет, Трпана заводливо го прашува:
– Трпе, ќе ме „казниш“ ли оваа ноќ?!
– Спиј си Трпано, ништо не си виновна.

* * *

Трпе и раскажува на жена си:
– Жено, си мислам, како се тркалаат годините… Имаме куќа, вила, две коли и две деца.
А се сеќаваш ли на времето – живеевме под кирија, возевме велосипеди и постојано немавме пари.
Ама, од друга страна пак, секоја вечер си легнував со дваесетгодишна…
– Легни си ти пак со некоја двадесетгодишна и ќе видиш како ќе ти се вратат и точакот и киријата и беспарицата!

* * *

Трпе ја прашува Цвета:
– Цвето мори, зошто не сакаш да спиеш со мене? – А, бе Трпе, за спиење имам јас еден дома.

СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ

ДЕЈАН ВЛАДЕВ

за СВЕТИ НИКОЛЕ

7

ВМРО-ДПМНЕ
И КОАЛИЦИЈА ЗА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА

Платена политичка реклама. Нарачател: ВМРО-ДПМНЕ

ЈА ПРАВИ ХРАНАТА ПОВКУСНА, НО...

Ослободете се од нездравите навики и научете што е пресолена храна

Солта содржи натриум, кој доколку прекумерно се внесува во организмот, може да доведе до појава на висок притисок, забрзано стареење на ќелиите, болести на срцето…

Свеста за превентивно чување на здравјето, кај нас, не е на многу високо ниво. Затоа и се обидуваме со овој текст да ви алармираме, за еден пропуст кој често го правите.

Солта содржи натриум, кој доколку прекумерно се внесува во организмот, може да доведе до појава на висок притисок, стареење на ќелиите- забрзано, болести на срцето, мозочни удари, болести на бубрезите, на желудникот...

КОЛКУ СОЛ Е ДОВОЛНО?

Просечниот човек внесува 15 до 20 грама сол дневно не само преку посолување со кујнска, ами и преку други намирници, на пример тестенините, гриските, конзервираните и сувомеснатите производи, готовите супи, па и месото- димено, маринирано, итн. Ова практично значи дека континуиран внес на ваква количина ја поместува возрасната граница за појава на страшните заболувања многу порано и од 30 – 35 годишна возраст. Страшно и загрижувачки! Но не и нерешливо, оти се што треба да направите е да се откажете (намалите) од ваквата храна, да почнете да внимавате и да се држите до препораките на Светската здравствена заштита (СЗО), според која кујнска сол дневно е доволно максимум половина кафена лажичка. Секако и да се преориентирате кон свежо овошје и зеленчук, готвена храна дома, без адитиви, свежо месо, и најважно, постојано да имате на ум колку сол внесувате.

СЗО планира до 2020 година со помош на нејзини мерки да го намали внесот на сол за 15 проценти, со што би биле спречени околу 4,2 милиони смртни случаи годишно. Имено кога сме кај предизвикувањето смрт, консумирањето сол е еднакво ризичен фактор за најстрашното нешто како што се цигарите.

ИМА АЛТЕРНАТИВА

Пред се, како и во најголем дел од случаите, употребата на сол е во психата, затоа е важно да се убедите себе си дека правите нешто здраво и корисно за вашето тело, и дека не мора да додадете сол во салатата или оброкот оти постои алтернатива. Значи со само неколку намирници би можеле да добиете поздрааво зачинување, а ефектот да биде како да сте си додале сол. Измешајте во еден соларник малку сув лук, куркума и многу малку оригано, и користете го како замена за солта што ја додавате секаде. Истиот ефект ќе го постигнете и ако додадете само сув лук, и една супена лажица (или повеќе) лимонов сок (од свежи цеден лимон). Со помош, посебно на вторава намирница, „инвестирате" во намалување на целулитот околу стомакот и бутовите и непотребно задржување на течност во телото.

Верувале или не, количината сол што нам ни е потребна се наоѓа во свежата храна, таа е т.н. органска или природна сол што си ја содржат свежите намирници. Впрочем и животните јадат храна во која нема дотатоци на вештачка сол, и затоа кај нив дел од болестите кои се споменуваат погоре се реткост. Оттука е важно да се запомни дека свежата храна содржи соли, па доволно е само половина кафена лажичка дневно додаток на кујнска сол за да бидете здрави.

Не ја солете бебешката храна

Важно е да се знае дека не треба да додавате сол ниту во првата тврда храна што им ја давате на бебињата. Приготвувајте им на бебињата оброци од свежи намирници, а наместо сол, додадете неколку капки лимонов свежо исцеден сок. Дури и во овошните кашички што се достапни по супермаркетите и аптеките содржат сол, а не е исклучок ни кравјото млеко, за кое се препорачува да се дава минимум над една година, бидејќи содржи 55 мг соли на 100 мл, за разлика од формулите, односно мајчиното млеко, кое се состои од само 15 мг соли на 100 мл.

НЕДВИЖНОСТИ

Се продава куќа на 2 спрата во Горна Белица, Струга. 60м2 со 800м2 двор. 078 444 021

Се продава куќа во Ѓорче Петров кај последна 5ка. 200м2, на 2 спрата, посебни влезови, со мебел. 070 248 448

Се издава-продава нова невселена гарсоњера комплетно опремена на прекрасна локација во нас.Кисела Вода (до самото подножје на Водно) 078 609 770

Се продава нива-плац од 500м2 во Трница, Кадино. Контакт 071 382 502

Издавам наместена куќа со засебен влез спроти Зоолошка градина.моб. 075989750 тел. 3067511

Се продава паркинг место во подземна гаража во Ѓорче Петров 1 тел. 078589291

Се продава спрат од куќа во н.Ѓорче Петров во близина на Општината. Цена поволна.075 317 515

Издавам гарсоњера 40 м2, комплет наместена, кај центар за странски јазици. Тел: 077/ 624 - 775

Се издава стан 40м2 со посебна спална соба,локација поликлиника ј.сандански Аеродром)комплетно наместен 070688111 200evra

Изнајмувам соба во центар за студенти самци вработени. Тел 075258722

Се продава нива 2500m2 во околината на село Говрлево тел.070 901-846

Се продава стан од 57м2 во нас. Бутел,ул. Босна и Херцеговина цена по договор.Тел. 076/408-880

Се издава стан со две спални и дневна со кујна 52м2 во Острово позади Скопјанка кај железничка станица.Тел: 071 388 528

Издавам трособен наместен стан на подолг период, во строг Центар, 84м2, позади студентски дом Кузман, со градско парно, лифт и паркинг. Цена 330 евра. Тел. 070 265976

Продавам плац од 2983 м 2 во во Сопиште-место викано Ветрила .Цена 45 евра .Телефон :072 261 550

Издавам 3 собна финска барака 65 м2 , во Тафталиџе кај СитиМол . Двор , интернет , гаража ,паркинг . тел. 075 532 747

Се продава нива во КО Марино - (викано место Барбарево) 1573 м2 со викенд куќа 35 м2 легализирана и лимена гаража, оддалечна 700 м. од асфалтен пат и има вода од пумпа. Тел.075 630 844

Издавам студио со посебна спална наместено,парно, кај железничка-Острово, до ПИОМ 074/220-911

Се продава куќа од 200 м2 заедно со двор од 600 м2 во н. Радишани. Контакт 076 485-230

Се продава нива од 4700 м2 на последна 8-ца во Бутел, кај заобиколница. Нивата е до пат, има струја и вода. Контакт 076 485-230

Изнајмувам соба во центар за студенти самци вработени. Тел 075258722

РАЗНО

Продавам камин Блист, користен, цена по договор. Тел: 076 534 854

Продавам пиштол Валтер П99, скоро нов, само на лица со дозвола. Цена 750 еур. Телефон 078 444 021

Ја предвидувам вашата иднина и ги решавам вашите семејни проблеми. Тел.072/702 030

Продавам планинарски чевли ЛОВА бр. 43, ГРИНСПОРТ бр. 42, МЕНДАЛ бр, 41 и ранец Алпина. Тел. 075 666621

Електричар поправа бела техника, домофонија, менува стански табли и електро инсталации. Тел. 075 666621

Продавам – изнајмувам кревет за масажа нуга бест. Може третман, 100 денари. Тел 075 666621

Продавам трпезариска маса со 6 столчиња, цена 4.000 денари. Тел, 075 666621

Продавам велосипед „Бриџстон“ со гуми 26, 6 брзини и „Рог“ со гуми 28, 18 брзини. Двата се женски. Тел. 075 666621

Свириме на свадби и разни други веселби на : зурла, тапан, гајда, хармоника, саксофон, гитара... Моб: 072212264

Часови по германски јазик за основци и почетници. Тел 070 358374

Продавам брачен кревет Миран сан Симпо 160х200 душек над душек бокс кревети во одлична состојба 9000 денари фиксно 078227634

Продавам пекач за пиперки (бугарски), скоро нов. Цена 600 ден. Контакт тел: 075 414127

Продавам сајла за водовод, 25 метра, нова. Цена 3000 ден. Контакт тел. 075 414127

Продавам количка за магацин и зелен пазар; парчиња мермер за венецијан. Тел: 077 507-832

Се продава нов неупотребуван Мебло Јоги душек 220/180 cm. Тел.бр. 078/251-981

Електричар сервисира и поправа грејни тела, чисти бојлери, инсталации и др. 078571210

Продавам нови јамболии за тросед, двосед и фотеља цена поволна. Контакт 075/638-880

Се продава буре со капак тврда пластика зелена 100 лит. Балон стаклен од 25 литри во дрвен сандак.Кафез никлован 38х22х36. Тел.075/648-133

Продавам Телевизор со рамен екран многу малце користен цена 2000.ден.радио касетофон одличен 2000 ден.Голема пила за сечење трупци и дрва 200 ден.Сајла за влечење за варбург цена 200 ден

Готвење, пазарување, чистење кај пензионер во Центар,Карпош К. Вода 078425165 078373930

Одржување влезови, канцеларии др. деливен простор. 1 или 2 пати неделно 078425165 078373930

Електричар бара работа во фирма. 078571210

Свириме на свадби и разни други веселби на: зурла, тапан, гајда, хармоника, саксофон, гитара... 072212264

ВОЗИЛА

Се продава Хјундаи Лантра 1996, целосно функционална, за делови. Цена 500 ЕУР. 078 444 021

Продавам „Гранде пунто“, бензинец, 2008 година, 1400 јубика, 75 коња, поминати 76.000 километри. Тел. 070 267 148

Продавам Опел Мерива најнов модел 2015. 139 000км.Не е од увоз. Со комплетна опрема. Фабрички вграден плин, не загадува, потрошувачка 3,7 л/ 100 км. Во одлична состојба. Цена 7300 евра.тел 072 312 504

Продавам Дачија Соленца 2005г. 99 000км, со атестиран плин. Клима , кука, за 1000 ден минува 500 км. Во одлична состојба. Цена1 300 евра. тел 072 312 504

Продавам за 101GTL челни лим нов гуми нови 155-13 и друго, за лада 2105 крило штоп стакло задно, ракета, пумпа за кочници полуосовина со лагер , ламела со фиат, ауспух, крстач со мазалици, јабучици амортизер.Тел 075/814-013

Продавам алуминиумски багажник за кола, во Скопје. Никола 078 27 26 24

МАКЕДОНСКО ЕХО

МАЛИ ОГЛАСИ во МАКЕДОНСКО ЕХО

ОГЛАСУВАЈТЕ БЕСПЛАТНО

Доволно е да дојдете во Редакцијата со напишан текст; да ни испратите писмо или вашиот краток текст за оглас (напишано кирилично) да го добиеме на нашата е-меил адреса (најдоцна до понеделник до 16 ч.)
ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје
skopskoeho@yahoo.com

total TV

БИЛО КАДЕ ВО МАКЕДОНИЈА!

ПРВИТЕ 8 МЕСЕЦИ ВЕЌЕ ОД

249 мкд мес

ЗА НОВИ КОРИСНИЦИ

TOTAL TV Extra

TOTAL TV Premium

БЕСПЛАТНА ИНСТАЛАЦИЈА И СЕРВИСИРАЊЕ

ВКЛУЧЕНА ЕОН АПЛИКАЦИЈА

Порачај на (02) 30 63 000 | totaltv.mk

Акцијата важи до 30.09.2021 година за новите претплатници на Екстра и Премиум пакет согласно Општите услови и Понудата со акциски ценовник.